# 297. ДЕВОЈЧИЊА, ГУГУТЧИЊА




Девојчиња, девојчиња, гугутчиња, хај, хај,
пат правете, пат правете да поминам,
да поминам, да поминам, да заминам
меѓу двете, меѓу двете најубавите.
Ништо лошо, ништо лошо не ви правам,
раце ми се, раце ми се во џебови,
џебој ми се, џебој ми се п'лни рамни,
п'лни рамни, рамни леблебија,
негде годер, негде годер суво грозје,
леблебија, леблебија за девојчиња,
суво грозје, суво грозје за дечиња.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995